# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КУМАНОВО

| „Службен гласник на Општина Куманово“<br>Излегува по потреба – Издавач: Општина Куманово<br>Тел. 423-505<br>Одговорен уредник: Милена Ѓукиќ Ордевска | Година LXX<br>Број 15<br>Куманово<br>8 октомври 2025 г. | Претплата за 2025 година<br>изнесува 2.000 денари.<br>трезорска с-ка 100-0000000630-95<br>с-ка на буџетски корисник 7410140525630-18<br>приходна шифра 725939 |
|---|---|---|


580.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр. 202/24), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Одлука за определување на собирни места за поставување на садови за собирање и селектирање на отпад на подрачјето на општина Куманово**

1. Се објавува Одлуката за определување на собирни места за поставување на садови за собирање и селектирање на отпад на подрачјето на општина Куманово, Бр. 09 - 14822/3, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 07 октомври 2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-15096/1
7 октомври 2025 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

581.

Врз основа на член 61 став 1 и став 2 точка 4 од Законот за управување со отпадот („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 216/21 и 3/25) и член 68 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово” бр. 13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 07 октомври 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за определување на собирни места за поставување на садови за собирање и селектирање на отпад на подрачјето на општина Куманово**

**Член 1**

Со оваа Одлука се определуваат собирни места за поставување на садови за собирање и селектирање на отпад на подрачјето на општина Куманово на следните локации:

1. ТППЕ –Куманово – на паркинг ;
2. ООУ „Браќа Миладиновци“ – Куманово, во двор спроти спортски игралишта ;
3. ООУ „Кочо Рацин“ – Куманово, паркинг простор во дел од училишен двор ;

### Член 2

Шематски приказ на локации за собирни места




К.П. 16418, Имотен Лист бр. 1 – Паркинг пред ТППЕ- Куманово




К.П.18420, Имотен Лист бр. 22958 – ООУ „Браќа Миладиновци“-Куманово



К.П.25090, Имотен Лист бр.76089 – ООУ „Кочо Рацин“-Куманово

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово“.

Бр. 09 – 14822/3<br>7 октомври 2025 година<br>Куманово

Совет на Општина Куманово<br>Претседател,<br>**Ивана Ѓорѓиевска, с.р.**

582.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр. 202/24), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Одлука за исправка во Одлуката за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација за г.п. 1.1 со намена Г1-тешка и загадувачка индустрија, КО Куманово, од Детален урбанистички план за дел од УЕ „Индустрија“, дел од УБ 82, плански опфат меѓу регионален пат Р2133, граница на УБ, граница на УЕ, ул. „11 Ноември“, к.п. 9941/2, ул. „Индустриска“, ул. „2005“, ул. „2004“ и граница на градежен реон - Општина Куманово, бр. 09 – 1417/21 од 29 јануари 2025 година**

1. Се објавува Одлуката за исправка во Одлуката за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација за г.п. 1.1 со намена Г1-тешка и загадувачка индустрија, КО Куманово, од Детален урбанистички план за дел од УЕ „Индустрија“, дел од УБ 82, плански опфат меѓу регионален пат Р2133, граница на УБ, граница на УЕ, ул. „11 Ноември“, к.п. 9941/2, ул. „Индустриска“, ул. „2005“, ул. „2004“ и граница на градежен реон - Општина

Куманово, бр. 09 – 1417/21 од 29 јануари 2025 година, Бр. 09 - 14822/4, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 07 октомври 2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 08-15097/1
7 октомври 2025 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

583.

Врз основа на член 68 од Статутот на Општината Куманово („Службен гласник на Општина Куманово" бр. 13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 07 октомври 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за исправка во Одлуката за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација за г.п. 1.1 со намена Г1-тешка и загадувачка индустрија, КО Куманово, од Детален урбанистички план за дел од УЕ „Индустрија", дел од УБ 82, плански опфат меѓу регионален пат Р2133, граница на УБ, граница на УЕ, ул. „11 Ноември", к.п. 9941/2, ул. „Индустриска", ул. „2005", ул. „2004" и граница на градежен реон - Општина Куманово, бр. 09 – 1417/21 од 29 јануари 2025 година**

Член 1

Во член 1 од Одлуката за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација за г.п. 1.1 со намена Г1-тешка и загадувачка индустрија, КО Куманово, од Детален урбанистички план за дел од УЕ „Индустрија", дел од УБ 82, плански опфат меѓу регионален пат Р2133, граница на УБ, граница на УЕ, ул. „11 Ноември", к.п. 9941/2, ул. „Индустриска", ул. „2005", ул. „2004" и граница на градежен реон - Општина Куманово, бр. 09 – 1417/21 од 29 јануари 2025 година („Службен гласник на Општина Куманово" бр. 1/25), се врши исправка со тоа што зборовите „2024 година" се заменуваат со зборовите „2025 година".

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 09 – 14822/4
7 октомври 2025 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
**Ивана Ѓорѓиевска, с.р.**

584.

Врз основа на член 50, став 1, точка 16 и член 63 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р.М., Бр.05/02), член 115, став 1 и член 118 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија., Бр.161/19, 229/20, 3/25 и 74/25), Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
**за престанок на функцијата вршител на должност директор на Општинско Основно Училиште „Бајрам Шабани“ Куманово**

1. На вршител на должност директор на Општинско Основно Училиште „Бајрам Шабани“ Куманово, Фатмир Ебиби, се констатира престанок на функцијата вршител на должност поради истек на периодот за кој е именуван;
2. Со донесување на ова Решение престанува да важи Решението на Градоначалникот на Општина Куманово бр.08-5227/1 од 20.03.2025 година;
3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово“.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со Решение на Градоначалникот на Општина Куманово бр.08-5227/1 од 20.03.2025 година, Фатмир Ебиби беше именуван за вршител на должност директор на ООУ „Бајрам Шабани“ Куманово, со мандат до 6 месеци. Поради истек на периодот на мандатот за кој е именуван, Градоначалникот согласно наведените законски одредби за надлежностите на Градоначалник на Општина, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

__Правна поука__: На ова Решение дозволена е жалба во рок од 15 дена од денот на добивањето, до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Бр. 08 – 5227/4
19 . 09 . 2025 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

585.

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 и член 63 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р.М. бр.05/02”), член 115, став 1 и член 118 Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 161/19, 229/20 и 3/25 и 74/25), Градоначалникот на Општина Куманово донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
**за именување на вршител на должност директор на Општинско Основно Училиште „Бајрам Шабани” Куманово**

1. СЕ ИМЕНУВА Илир Латифи, магистер по музички науки, професор по музичко образование во ООУ„Бајрам Шабани” Куманово, за вршител на должност директор на Општинско Основно Училиште „Бајрам Шабани” Куманово;
2. Мандатот на вршител на должност директор на училиштето од точка 1, трае до изборот на директор на училиштето, но не подолго од шест месеци од денот на неговото именување;
3. Решението влегува во сила од денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со Решение на Градоначалникот на Општина Куманово бр.08-5227/4 од 19.09.2025 година, беше констатиран престанок на функцијата вршител на должност директор на Општинско Основно Училиште „Бајрам Шабани" Куманово, поради истек на периодот за кој е именуван. Согласно наведените законски одредби од Законот за основното образование, Градоначалникот на Општина Куманово одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Правна поука:** На ова Решение е дозволена жалба во рок од 15 дена од денот на добивање до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Бр. 08 – 14467/1
22 . 09 . 2025 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

586.

Врз основа на член 50, став 1, точка 16 и член 63 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р.М., Бр.05/02), член 115, став 1, член 116, став 1 и член 118 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија., Бр.161/19, 229/20, 3/25, 74/25) и неотповилкива оставка на Илир Љатифи од 25.09.2025 година, Градоначалникот на Општина Куманово донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
**за констатирање престанок на функцијата - вршител на должност директор на Општинско Основно Училиште „Бајрам Шабани" Куманово**

1. На вршител на должноста директор на Општинско Основно Училиште „Бајрам Шабани" Куманово, Илир Латифи, се констатира престанок на функцијата вршител на должност поради негово лично барање;
2. Со донесување на ова Решение престанува да важи Решението на Градоначалникот на Општина Куманово Бр.08-14467/1 од 22.09.2025 година;
3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово".

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со Решение на Градоначалникот на Општина Куманово бр. 08-14467/1 од 22.09.2025 година, Илир Љатифи беше именуван за вршител на должност директор на Општинско Основно Училиште „Бајрам Шабани" Куманово, за период до шест месеци од денот на именување. Поради поднесено лично барање, а согласно наведените одредби за надлежностите на Градоначалник на Општина утврдени во Законот за основно образование, Градоначалник на Општина Куманово одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Правна поука: На ова Решение дозволена е жалба во рок од 15 дена од денот на добивањето, до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Бр. 08 – 14467/3
02 . 10 . 2025 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

587.

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 и член 63 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р.М. бр.05/02“), член 115, став 1 и член 118 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ Бр.161/19, 229/20, 3/25, 74/25) и неотповилкива оставка на Илир Љатифи од 25.09.2025 година, Градоначалникот на Општина Куманово донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
**за именување на вршител на должност директор на Општинско Основно Училиште „Бајрам Шабани“ Куманово**

1. **СЕ ИМЕНУВА Фатмир Ебиби**, дипломиран професор по историја, професор по историја во ООУ„Бајрам Шабани“ Куманово, за вршител на должност директор на Општинско Основно Училиште „Бајрам Шабани“ Куманово;
2. Функцијата вршител на должност директор на училиштето од точка 1, трае до изборот на директор на училиштето, но не подолго од шест месеци од денот на неговото именување;
3. Решението влегува во сила од денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово“.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ
Со Решение на Градоначалникот на Општина Куманово, беше констатиран престанок на вршител на должност директор на Општинско Основно Училиште „Бајрам Шабани“ Куманово, врз основа на лично барање. Согласно Законот за основно образование, Градоначалникот во рок од три дена од разрешувањето на директорот, именува вршител на должност директор на училиштето и едно лице едноподруго не може да биде именувано за вршител на должност директор на основно училиште. Постапувајќи согласно наведениот закон, Градоначалникот на Општина Куманово одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Правна поука: На ова Решение е дозволена жалба во рок од 15 дена од денот на добивање до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Бр. 08 – 14944/1
02 . 10 . 2025 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

# СОДРЖИНА

**580.** Заклучок за објавување на Одлука за определување на собирни места за поставување на садови за собирање и селектирање на отпад на подрачјето на општина Куманово........... 958

**581.** Одлука за определување на собирни места за поставување на садови за собирање и селектирање на отпад на подрачјето на општина Куманово............................................................ 958

**582.** Заклучок за објавување на Одлука за исправка во Одлуката за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација за г.п. 1.1 со намена Г1-тешка и загадувачка индустрија, КО Куманово, од Детален урбанистички план за дел од УЕ „Индустрија“, дел од УБ 82, плански опфат меѓу регионален пат Р2133, граница на УБ, граница на УЕ, ул. „11 Ноември“, к.п. 9941/2, ул. „Индустриска“, ул. „2005“, ул. „2004“ и граница на градежен реон - Општина Куманово, бр. 09 – 1417/21 од 29 јануари 2025 година.................................... 960

**583.** Одлука за исправка во Одлуката за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација за г.п. 1.1 со намена Г1-тешка и загадувачка индустрија, КО Куманово, од Детален урбанистички план за дел од УЕ „Индустрија“, дел од УБ 82, плански опфат меѓу регионален пат Р2133, граница на УБ, граница на УЕ, ул. „11 Ноември“, к.п. 9941/2, ул. „Индустриска“, ул. „2005“, ул. „2004“ и граница на градежен реон - Општина Куманово, бр. 09 – 1417/21 од 29 јануари 2025 година.................................. 961

**584.** Решение за престанок на функцијата вршител на должност директор на Општинско Основно Училиште „Бајрам Шабани“ Куманово......................................................... 961

**585.** Решение за именување на вршител на должност директор на Општинско Основно Училиште „Бајрам Шабани" Куманово...................... 962

**586.** Р Е Ш Е Н И Е за констатирање престанок на функцијата - вршител на должност директор на Општинско Основно Училиште „Бајрам Шабани“ Куманово........................................................... 963

**587.** Решение за именување на вршител на должност директор на Општинско Основно Училиште „Бајрам Шабани“ Куманово..................... 964